2
Skopje
fah 51


# СЛУЖ[illegible]

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски, односно хрватскосрпски, словеечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 5 октомври 1984
БЕЛГРАД
БРОЈ 53 ГОД. XL

Цена на овој број е 68 динари. – Претплатата за 1984 година изнесува 1.852 динари. Рок за рекламации 15 дена. – Редакција: Улица Јована Ристиќа број 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155: Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756


**569.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

### УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДСТВАТА И ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА

Се прогласува Законот за средствата и за финансирањето на Југословенската народна армија, кој го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 26 септември 1984 година.

П бр. 377
26 септември 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Алимпиќ**, с. р.

### ЗАКОН

### ЗА СРЕДСТВАТА И ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА

Глава I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат управувањето и располагањето со општествените средства што се користат во Југословенската народна армија и во Сојузниот секретаријат за народна одбрана за нивните потреби (во натамошниот текст: средства на ЈНА) и финансирањето и материјалното и финансиското работење на Југословенската народна армија.

Член 2

Со средствата на ЈНА, како со средства на федерацијата, согласно со законот и со други прописи, управуваат и располагаат сојузниот секретар за народна одбрана (во натамошниот текст: сојузниот секретар), старешините на воените единици и на воените установи овластени со овој закон и лицата што ќе ги овласти сојузниот секретар.

Сојузниот секретар и другите овластени лица во извршувањето на своите права од став 1 на овој член ги имаат овластувањата, обврските и одговорностите утврдени со овој закон и со други прописи.

Член 3

По исклучок од одредбате на член 2 од овој закон, правата во поглед на управувањето, користењето и располагањето со определени средства на ЈНА можат, при мобилизација на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или на нивни дел, привремено да се пренесат врз надлежните општински органи.

Прописи за начинот на пренесувањето на правата од став 1 на овој член и за начинот на управувањето, користењето и располагањето со средствата на ЈНА во поглед на кои тие права се пренесуваат донесува сојузниот секретар.

Член 4

Како средства на ЈНА, во смисла новој закон, се сметаат подвижни и недвижни предмети, имотни права и парични средства.

Како имотни права, во смисла на овој закон, се сметаат авторските права, правата на патенти и технички унапредувања и правата на знаци за разликување, правата на службеност, како и други имотни права што ги користи Југословенската народна армија по кој и да е законски основ.

Член 5

Парични средства што претставуваат средства на ЈНА (во натамошниот текст: парични средства на ЈНА) се:

1) парични средства обезбедени во буџетот на федерацијата за потребите на Југословенската народна армија;

2) парични средства остварени со продажба на застарени, непотребни и расходувани предмети, односно со продажба на имотни права;

3) парични средства што ќе ги остварат како приход воените единици и воените установи на Југословенската народна армија (во натамошниот текст: воени единици и воени установи) со вршење услуги и со продажба на сопствени производи;

4) парични средства остварени по друг основ.

Член 6

Југословенската народна армија може да стекнува средства по сите основи предвидени со закон или со други прописи.

Член 7

Воените установи чијашто дејност има производствен, услужен или друг сличен карактер, а кои, согласно со сојузниот закон со кој се уредува службата во вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, ќе ги определи сојузниот секретар, можат да стекнуваат средства и со наплата на цената за производите што ги продаваат и услугите што ги вршат за потребите на воените единици и воените установи, штабовите, единиците и установите на територијалната одбрана, на припадниците на Југословенската народна армија и на други корисници.

Член 8

Средствата на ЈНА се распоредуваат според намената на средства за:

1) опремување на Југословенската народна армија;

2) редовна дејност на воените единици и воените установи;

3) заеднички потреби на воените лица и на граѓанските лица на служба во Југословенската народна армија;

4) посебни намени.

Со пропис на сојузниот секретар поблиску се определува што се смета како средства за опремување на Југословенската народна армија, средства за редовна дејност, средства за заеднички потреби и средства за посебни намени од став 1 на овој член.

Член 9

Воените установи од член 7 на овој закон можат средствата што ги користат да ги класифицираат и распоредуваат и на друг начин кој, во согласност со карактерот и задачите на тие установи, ќе го пропише сојузниот секретар.

Член 10

Сојузниот секретар за народна одбрана и воените единици и воените установи се должни средствата на ЈНА да ги користат економично и наменски, во согласност со законот и со прописите донесени врз основа на законот.

Член 11

Средствата на ЈНА можат да се здружуваат со средствата со кои располагаат општествено-политичките заедници или нивни органи односно организации, организациите на здружен труд или други самоуправни организации и заедници, општествено-политичките или други општествени организации, заради остварување на определени задачи на народната одбрана што се од заеднички интерес и заради задоволување на определени потреби на Југословенската народна армија.

Односите што настануваат од здружувањето на средствата во смисла на став 1 од овој член се уредуваат со самоуправна спогодба, а можат да се уредуваат и со договор.

Самоуправната спогодба односно договорот од став 2 на овој член од името на федерацијата го склучува сојузниот секретар или старешината на воената единица односно на воената установа кого тој ќе го овласти.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, во случаите и под условите што ќе ги пропише сојузниот секретар определени средства на ЈНА можат да се користат заедно со средства во сопственост на граѓани кои со личен труд самостојно вршат земјоделска или друга стопанска дејност.

Односите кои настануваат со користењето на средствата, во смисла на став 4 од овој член, се уредуваат со договор.

## Глава II

## ПЛАНИРАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА ЈНА

Член 12

Паричните средства за финансирање на Југословенската народна армија се обезбедуваат според среднорочниот план за развој, изградба и опремување на Југословенската народна армија, утврден во согласност со општествениот план на Југославија.

Член 13

Паричните средства за финансирање на Југословенската народна армија се обезбедуваат во буџетот на федерацијата во глобален износ, во согласност со прописите за финансирање на федерацијата и со одредбите на овој закон.

Приходите што ќе ги остварат воените единици и воените установи со вршење услуги и со продажба на сопствени производи посебно се евидентираат во остварениот износ на страната на приходите и расходите во буџетот на федерацијата.

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, приходите на воените установи од член 7 на овој закон не се евидентираат во буџетот на федерацијата.

Член 14

Паричните средства наменети за финансирање на Југословенската народна армија во текот на една календарска година се утврдуваат и се распоредуваат со планот на задачите и на финансирањето на Југословенската народна армија (во натамошниот текст: финансиски план на ЈНА) за таа година.

Со финансискиот план на ЈНА се утврдуваат вкупните парични средства наменети за финансирање на Југословенската народна армија во односната календарска година по изворите утврдени со овој закон и се распоредуваат според намените од член 8 на овој закон и по воените единици и воените установи, согласно со среднорочниот план за развој, изградба и опремување на Југословенската народна армија.

Финансискиот план на ЈНА го донесува сојузниот секретар.

Член 15

Составен дел на финансискиот план на ЈНА се и претсметките со кои се утврдуваат и распоредуваат паричните средства што според одредбите на овој закон се издвојуваат на посебни сметки и за посебни намени.

Пресметките од став 1 на овој член ги донесува сојузниот секретар.

Член 16

Паричните средства утврдени во финансискиот план на ЈНА за финансирање на воените единици и воените установи се распоредуваат според намените и задачите – со плановите на задачите и на финансирањето на воените единици и воените установи (во натамошниот текст: финансиски план на воена единица, односно воена установа).

Финансиските планови на воените единици, односно воените установи ги донесуваат старешините на тие единици, односно установи, а ги одобруваат непосредно претпоставените воени старешини.

Член 17

Со финансискиот план на ЈНА и со финансиските планови на воените единици, односно воените установи може да се издвои дел од паричните средства како тековна резерва – за финансирање на непредвидени потреби.

Член 18

Паричните средства наменети за финансирање на опремувањето на Југословенската народна армија можат да се издвојат на посебни сметки и да се користат според посебни програми утврдени во среднорочните планови за развој, изградба и опремување на Југословенската народна армија.

Член 19

Паричните средства остварени со пренос на право во поглед на предмети од средствата на ЈНА со надомест, со продажба и со давање во закуп на предмети наменети за опремување на Југословенската народна армија, можат да се користат само за финансирање на развојот и опремувањето на Југословенската народна армија.

Член 20

Паричните средства наменети за редовна дејност на воените единици и воените установи им се одобруваат на тие единици и установи во глобален износ, зависно од потребите и утврдените задачи, а според критериумите и нормативите што ќе ги пропише сојузниот секретар.

Член 21

Од паричните средства наменети за редовна дејност на воените единици и на воените установи се исплатуваат и личните доходи на активните воени лица и на граѓанските лица на служба во Југословенската народна армија, и тоа непосредно на тие лица, преку текуштите сметки на тие лица или на друг начин што се применува во платниот промет, во согласност со прописот што го донесува сојузниот секретар.

Член 22

Паричните средства остварени со пренос или со отуѓување на предмети од средствата на ЈНА наменети за редовна дејност се користат за обновување и набавка на предмети за редовна дејност на Југословенската народна армија.

Член 23

Паричните средства на ЈНА наменети за заеднички потреби се користат за изградба и прибавување на станови, за организирање и користење одмор и рекреација на активните воени лица и на граѓанските лица на служба во Југословенската народна армија и за задоволување на културните и други заеднички потреби на припадниците на Југословенската народна армија.

Паричните средства на ЈНА наменети за заеднички потреби можат да се користат за основање ресторани, одморалишта и на други воени установи заради вршење услуги на припадниците на Југословенската народна армија.

Член 24

Паричните средства на ЈНА остварени со пренос на право во поглед на предмети од средствата на ЈНА, со продажба или со давање во закуп на предмети наменети за заеднички потреби и со амортизација на станбени згради и на други објекти што служат за заеднички потреби, се користат за заеднички потреби.

Член 25

Заради прибавување на дополнителни средства за финансирање на станбената изградба за потребите на активните воени лица и на граѓанските лица на служба во Југословенската народна армија, Сојузниот секретаријат за народна одбрана може, од името на федерацијата, во согласност со општите прописи, да склучува кредитни и други деловни односи со банките и со други организации со посредство на Воениот сервис во состав на Народната банка на Југославија (во натамошниот текст: Воениот сервис).

Член 26

Сојузниот секретаријат за народна одбрана издвојува од паричните средства обезбедени во буџетот на федерацијата за финансирање на Југословенската народна армија парични средства за учество во вложувања во капацитети за производство и ремонт на вооружување и на воена опрема и во други капацитети од посебно значење за народната одбрана, според среднорочниот план за развој, изградба и опремување на Југословенската народна армија.

Член 27

Паричните средства од член 26 на овој закон им се одобруваат на организациите на здружен труд во вид на кредити, или се здружуваат со средствата на тие организации според одредбите на член 11 од овој закон, врз основа на усвоените програми за изградба, реконструкција и модернизација на капацитетите за производство и ремонт на вооружување и воена опрема и на други предмети од посебно значење за народната одбрана.

Сојузниот секретар може да отпише кредити или сразмерен дел на кредит одобрен за капацитетите од став 1 на овој член ако тие капацитети, во согласност со среднорочните планови за развој, изградба и опремување на Југословенската народна армија, недоволно се користат во време на мир.

Член 28

Со паричните средства од член 26 на овој закон може да се финансира изградбата, реконструкцијата или модернизацијата на капацитети за производство и ремонт на вооружување и на воена опрема, што служат како резервни капацитети за потребите на земјата во војна, без обврска за враќање на тие средства.

Член 29

Обврски врз товар на паричните средства на ЈНА можат да се создаваат само во границите на паричните средства утврдени и распоредени со финансиските планови.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, ако интересите на народната одбрана го бараат тоа, сојузниот секретар или воените старешини што ќе ги овласти тој можат, во границите на паричните средства предвидени со среднорочниот план за развој, изградба и опремување на Југословенската народна армија, да создаваат обврски за повеќе години.

Член 30

Паричните средства на ЈНА можат да се користат и со посредство на Воениот сервис, во согласност со законот и со прописите донесени врз основа на закон.

Член 31

Приходите што ќе ги остварат воените единици и воените установи со вршење услуги и со продажба на сопствени производи, се користат за покритие на расходите на производството и продажбата на тие производи и за вршење на тие услуги, како и за други потреби во согласност со одредбите на овој закон.

Член 32

Непотрошените парични средства на ЈНА според финансискиот план на ЈНА и финансиските планови на воените единици и воените установи се пренесуваат во наредната година и се распоредуваат со финансиските планови за таа година.

Глава III

## НЕДВИЖНОСТИ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА

Член 33

Општите прописи за недвижностите во општествена сопственост се применуваат и на недвижностите што ги користи и со кои управува и располага Југословенската народна армија (во натамошниот текст: недвижности на ЈНА), ако со овој закон не е определено поинаку.

Член 34

Правото во поглед на недвижностите на ЈНА може да се пренесе на општествено-политичките заедници, на организациите на здружен труд, на самоуправните интересни заедници и на други самоуправни организации и заедници, на општествено-политичките организации и други општествени организации.

Преносот на правото во поглед на недвижностите на ЈНА се врши, по правило со надомест што ѝ одговара на прометната вредност на недвижноста во време на склучувањето на договорот.

Преносот на правото во поглед на недвижностите на ЈНА без надомест може да се врши по исклучок, ако е тоа од посебен интерес за општонародната одбрана. Постоењето на тој интерес го утврдува сојузниот секретар или старешината што ќе го овласти тој.

Член 35

Недвижности на ЈНА можат да им се продадат на граѓански правни лица, на граѓани и на нивни здруженија само по цена што ѝ одговара на прометната вредност на таа недвижност во време на склучувањето на договорот, ако тие според општите прописи за недвижностите можат да стекнуваат право на сопственост врз такви недвижности.

Ако определена недвижност на ЈНА неможе да се продаде по цена што ѝ одговара на нејзината прометна вредност, може, по исклучок од одредбата на став 1 на овој член, да се продаде и по пониска цена. Одлука за тоа донесува старешината што е надлежен за одлучување за продажба на таа недвижност, во согласност со прописот што го донесува сојузниот секретар.

Член 36

Недвижности на ЈНА можат да им се даваат на привремено користење на општествено-политичките заедници, на организациите на здружен труд, на самоуправните интересни заедници и на други самоуправни организации и заедници, на општествено-политичките организации и на други општествени организации.

Недвижности на ЈНА можат да им се даваат во закуп на граѓански правни лица, на граѓани и на нивни здруженија, ако тие според општите прописи можат да стекнат право на закуп на такви недвижности.

Недвижности на ЈНА можат, во случаите од ст. 1 и 2 на овој член да се даваат на привремено користење или во закуп на време што неможе да биде подолго од десет години.

Недвижности на ЈНА можат да се даваат на привремено користење без надомест само по одобрение од сојузниот секретар или од старешината што ќе го овласти тој.

Член 37

Продажба и давање во закуп на недвижности на ЈНА на граѓански правни лица, на граѓани и нивни здруженија, може да се врши само врз основа на јавно наддавање, а со непосредна погодба – ако недвижноста на ЈНА ниту на повторно јавно наддавање не се продаде односно не се даде во закуп.

Член 38

Ако определена недвижност само делум претставува средство на ЈНА, во поглед на останатиот дел на таа недвижност право на приоритетно купување има Сојузниот секретаријат за народна одбрана или воената единица, односно воената установа што ќе ја определи сојузниот секретар.

Сопственикот на делот на недвижноста од став 1 на овој член, што не претставува средство на ЈНА, должен е продажбата на таквиот дел првенствено да му ја понуди на органот од став 1 на овој член и кон понудата да ги достави сите услови на продажбата.

Органот што има право на приоритетно купување, во смисла на став 1 од овој член, должен е во рок од 60 дена од денот на примената писмена понуда писмено да го извести понудувачот за тоа дали ќе го користи правото на приоритетно купување и дали ја прифаќа понудата. Ако органот што има право на приоритетно купување во тој рок не го извести писмено понудувачот, се смета дека не сака да го користи правото на приоритетно купување.

Ако органот што има право на приоритетно купување не ги прифати условите на понудата, понудувачот може недвижноста да му ја продаде на друг, но само под исти или под поповолни услови од оние што му ги понудил на тој орган.

Ако органот што има право на приоритетно купување во своето писмено известување понудил свои услови, понудувачот може, во рок од петнаесет дена од денот на приемот на известувањето, недвижноста да му ја продаде на друг само под поповолни услови.

Тужба поради повреда на правото на приоритетно купување може да се поднесе во рок од една година од денот на извршениот пренос во јавните книги во кои се врши запишување на преносот.

Одредбите на овој член сообразно се применуваат и врз носителот на правото во поглед на управувањето, користењето и располагањето и на дел од недвижноста што не претставува средство на ЈНА, за кој се има намера да се пренесе.

Член 39

Одредбите на член 38 на овој закон сообразно се применуваат и врз носителот на правото во поглед на управувањето, користењето, располагањето односно сопственикот на дел од недвижноста што не претставува средство на ЈНА, а што има намера тој дел да го даде во закуп.

Тужба поради повреда на правото од став 1 на овој член може да се поднесе во рок од шест месеци од денот кога воената единица, односно воената установа што го врши правото во поглед на располагањето, користењето и управувањето на друг дел од недвижноста дознала за договорот за закуп, но најдоцна во рок од една година од денот на склучувањето на договорот за закуп.

Член 40

Стварна службеност на недвижност на ЈНА може да се заснова само врз основа на договор што ќе го склучи сојузниот секретар или старешината што тој ќе го овласти.

Стварна службеност на недвижност на ЈНА не може да се заснова ако користењето на таквото право може да нанесе штета на интересите на општонародната одбрана.

Член 41

Водите зафатени со водостопански објекти, постројки и уреди што претставуваат средства на ЈНА, или се изградени со тие средства, ги користат воени единици и воени установи.

Објектите, постројките и уредите од став 1 на овој член, отстапени на користење и одржување на водостопански и на други организации, не можат да се внесуваат во катастарот на водите на тие организации.

Член 42

Сојузниот секретар може да установува ловишта на земјишта што претставуваат средства на ЈНА.

Се овластува сојузниот секретар за ловиштата од став 1 на овој член да одобрува ловно-стопански основи, да го пропишува режимот на ловството и вршењето на работите на ловната инспекција.

Член 43

Недвижностите на ЈНА, освен воените објекти изградени во воениот круг за потребите на Југословенската народна армија, се запишуваат во јавните книги во кои се врши запишување на преносот според општите прописи, со тоа што како носител на правото во поглед на располагањето, користењето и управувањето се запишува Социјалистичка Федеративна Република Југославија – Сојузниот секретаријат за народна одбрана.

Под воени објекти од став 1 на овој член се подразбираат подземни и надземни градби со придружната инфраструктура и со однапред определена воена намена.

Под воен круг од став 1 на овој член се подразбира земјиштето што ја сочинува недвижноста на ЈНА, како и друго земјиште во општествена сопственост или во сопственост на граѓаните кое по која и да било правна основа (закуп, послужување и сл.), го користат воените единици или воените установи освен земјиштето на кое се изградени објекти на станбениот фонд на Југословенската народна армија (во натамошниот текст: станбениот фонд на ЈНА).

Земјиштето од став 3 на овој член се смета за воен круг и кога на него не се изградени објекти, или кога не е заградено или обезбедено со воена стража.

Член 44

Договор со кој недвижност на ЈНА е отуѓена, дадена на привремено користење, односно во закуп или со кој на неа е заснована стварна служеност ќе се поништи ако е склучен противно на одредбите на чл. 34, 35 и 36 и член 40 став 2 на овој закон.

Тужба за поништување на договорот, во смисла на став 1 на овој член, може да се поднесе во рок од една година од денот на склучувањето на договорот.

## Глава IV

## СТАНБЕН ФОНД НА ЈНА

Член 45

Станбениот фонд на ЈНА го сочинуваат станбените згради, становите како посебни делови на зградите, деловните простории и гаражите што се наоѓаат во станбените згради или се во состав на станбените згради во станбениот фонд на ЈНА, како и придружните објекти, инсталации и уреди што и служат само на таа зграда или на нејзин дел, а што се изградени од средства на ЈНА.

Член 46

Програмата на станбената изградба за потребите на активните воени лица и на граѓански лица на служба во Југословенската народна армија ја утврдува сојузниот секретар, во согласност со среднорочниот план за развој, изградба и опремување на Југословенската народна армија.

Член 47

Становите од станбениот фонд на ЈНА им се даваат на користење на активните воени лица и на граѓанските лица на служба во Југословенската народна армија.

Становите од станбениот фонд на ЈНА им се даваат на користење и на лица на кои ќе им престане активната воена служба пред да е донесена одлука по нивната молба за доделување стан на користење, освен ако таа служба им престане:

1) по барање, а подносителот на барањето не ги исполнил условите за стекнување на право на старосна или инвалидска пензија;

2) по пресуда на воен дисциплински суд;

3) поради загуба на чин односно класа.

Становите од станбениот фонд на ЈНА им се даваат на користење и на граѓанските лица на кои службата во Југословенската народна армија им престанала пред да е донесена одлука за нивната молба за доделување стан на користење, освен ако таа служба им престане:

1) пореди напуштање на службата кое, според одредбите не сојузниот закон со кој се уредува службата во вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, се смета за самоволно напуштење на службата;

2) по барање, а подносителот на барањето не ги исполнил условите за стекнување на право на старосна или инвалидска пензија;

3) поради одбивање да постапи по конечното решение за назначување, односно за преместување на друго соодветно работно место, или ако не се јави на конкурс за повторен избор на работното место на кое дотогаш се наоѓал;

4) поради тоа што не се согласило со преместувањето, ако според одредбите на сојузниот закон со кој е уредена службата во вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија поради тоа може да му престане службата без негова согласност;

5) поради тоа што при приемот во служба премолчело или дало неточни податоци што биле од влијание врз приемот во служба;

6) поради забрана да ги врши работите од работното место на кое работи;

7) поради осуда на казна затвор во траење подолго од шест месеци;

8) поради изречена мерка на безбедност, воспитна мерка или заштитна мерка во траење подолго од шест месеци;

9) поради изречена казна отпуштање од служба во Југословенската народна армија.

Становите од станбениот фонд на ЈНА им се даваат на користење и на членовите на семејствата на загинати и умрени лица од ст. 1 до 3 на овој член.

При одлучувањето за големината на станот што им се дава на користење на лицата од ст. 1 до 4 на овој член, покрај носителот на станарското право се земаат предвид и членовите на неговото потесно семејство (брачен другар, деца родени во бракот, вонбрачни деца, пасиноци и посвоени деца) што живеат со него во заедничко домаќинство, ако по основа на работниот однос или на друг начин не го решиле станбеното прашање, како и неговите родители, односно родителите на неговиот брачен другар ако навистина ги издржуваат, ако тие родители живеат со нив во заедничко домаќинство и ако на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија немаат станарско право на стан во општествена сопственост, ниту стан односно семејна станбена зграда во сопственост што можат да ги користат за живеење.

При одлучувањето по молбата за доделување стан на користење на лицето од ст. 2 до 4 на овој член, големината и структурата на станот што му се дава на користење се определува според условите што биле исполнети во моментот на престанувањето на службата, односно смрт на тоа лице чија поранешна служба во Југословенската народна армија е основ за доделување стан на користење од станбениот фонд на ЈНА, односно според изменетите услови поради кои на тоа лице му припаѓа помал стан.

На лицата од ст. 1 до 4 на овој член им се даваат на користење и станови во општествена сопственост на кои Југословенската народна армија има право за давање на користење а не претставуваат недвижност на ЈНА во смисла на овој закон.

По исклучок од одредбите на ст. 1 до 4 од овој член, во гарнизоните во кои постои вишок на станови во станбениот фонд на Југословенската народна армија, тие станови можат да им се дадат на користење на лицата што имаат право на месечен паричен надомест поради престанување на активната воена служба по потреба на службата, на уживателите на пензии според прописите за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници а, по исклучок, и на мирновременските воени инвалиди од I до II група.

Член 48

Становите од станбениот фонд на Југословенската народна армија можат да им се даваат на привремено користење, како службени станови, на активни воени лица и на граѓански лица на служба во Југословенската народна армија што се преместуваат и немаат стан во местото на службувањето.

Како службени станови се сметаат становите чие користење е во врска со вршењето определени службени должности што ќе ги пропише сојузниот секретар.

Поблиски прописи за давање и користење на службени станови определува сојузниот секретар.

Член 49

На лицето од член 47 став 1 на овој закон на кое му е даден на користење стан од станбениот фонд на ЈНА, може да му се откаже договорот за користење на станот, ако службата во Југословенската народна армија му престане по негово барање, пред да поминало десет години во служба.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, договорот за користење на стан може да му се откаже и на лице што поминало на служба во Југословенската народна армија подолго од десет години, ако во поглед на траењето на таа служба не ја исполнило обврската утврдена со сојузниот закон со кој се уредува службата во вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

На лице што според договор е примено во активна воена служба на определено време може да му се откаже договорот за користење на стан, ако таа служба му престане по негово барање пред истекот на времето што според договорот било должно да го помине во активна воена служба.

Член 50

Сојузниот секретар ги пропишува:

1) поблиските услови под кои на лицата од член 47 на овој закон им се даваат на користење станови од станбениот фонд на ЈНА и станови во општествена сопственост на кои Југословенската народна армија има право за давање на користење;

2) условите за давање кредити на лицата од член 47 ст. 1 до 4 на овој закон: за изградба или за прибавување на станбена зграда или стан; за адаптација, реконструкција, модернизација или санација на станбена зграда или стан, како и за адаптација на заеднички и на други простории во станбените простории;

3) надлежноста на воените органи што во прв и во втор степен одлучуваат за давањето станови на користење и постапката пред тие органи;

4) условите под кои корисниците на станови можат да вршат замена на станови;

5) условите под кои на корисниците на станови им се дава одобрение да можат станот да го користат за вршење на деловна дејност во станот со личен труд и условите под кои можат станот или дел од станот да го издаваат на подстанари;

6) условите и постапката за адаптација на заедничките и други простории во станбените простории.

Сојузниот секретар по претходно прибавено мислење од собранието на Интересната заедница за станбена изградба и прибавување станови за потребите на активните воени лица и на граѓанските лица во вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија ги пропишува мерилата за рационално користење на становите од станбениот фонд на Југословенската народна армија, начинот на утврдувањето на вишокот на станбениот простор, обврската на носителот на станарското право да плаќа надомест за вишокот на станбениот простор и начинот на користењето на овој надомест.

Член 51

Лицето од член 47 на овој закон кое смета дека со давањето стан на користење на друго лице битно е повредена постапката за давање стан предвидена со прописот од член 50 на овој закон, а повредата на постапката можела битно да влијае врз актот за давање на стан, или дека лицето што добило стан на користење не ги исполнува условите предвидени со овој закон или со пропис донесен врз основа на законот, има право да поведе управен спор со тужба пред Врховниот воен суд во Белград.

Се смета дека повредата на постапката, во смисла на став 1 од овој член, можела битно да влијае врз актот за давање на стан ако тој акт не е јавно објавен, на начинот утврден со прописот од член 50 на овој закон, или ако се повредени критериумите за утврдување на редоследот и редоследот утврден со тој пропис.

Лицето од член 47 на овој закон може да покрене управен спор пред Врховниот воен суд и против одлуката со која конечно е одбиена или отфрлена неговата молба за доделување стан на користење.

Член 52

Ако се утврди дека конечниот заклучок за прифаќање на молбата за стан, односно конечното решение за доделување стан на користење е донесено врз основа на невистинити факти или докази, или ако се утврди дека врз основа на фактите што постоеле во времето на донесувањето на заклучокот односно решението, или што настанале по неговото донесување, а пред вселувањето во станот, би требало да се донесе поинаков заклучок односно решение, давателот на станот, по службена должност или по барање на заинтересираното лице, ќе го поништи или замени со ново во рок од една година од денот на узнавањето на тој факт, а најдоцна во рок од три години од денот на вселувањето во станот.

Заклучокот односно решението го поништува или менува органот што го донел.

Против заклучокот, односно решението од став 1 на овој член што го донел првостепениот орган може да се поднесе приговор до надлежниот второстепен орган, а против решението што го донел второстепениот орган може да се поведе управен спор.

Член 53

Одредбите од овој закон за управувањето и располагањето со средствата на ЈНА се однесуваат и на средствата на станбениот фонд на ЈНА, ако со овој закон или со посебен сојузен закон не е определено поинаку.

Управувањето со становите и со станбените згради изградени со средства на станбениот фонд на ЈНА се уредува со посебен сојузен закон.

Глава V

## ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА НАРОДНА АРМИЈА

Член 54

Под подвижни предмети на Југословенската народна армија (во натамошниот текст: подвижни предмети на ЈНА), во смисла на овој закон, се подразбираат материјални средства и животни.

Член 55

Подвижни предмети на ЈНА, ако не се потребни или се неподобни за натамошна употреба во Југословенската народна армија, можат да се продаваат или на друг начин да се отуѓуваат, во согласност со одредбите од овој закон.

Подвижни предмети на ЈНА можат да им се продадат на граѓански правни лица, на граѓани и на нивни здруженија, ако тие според општите прописи можат да се здобиваат со право на сопственост врз такви предмети.

Заради продажба на подвижни предмети на ЈНА, сојузниот секретар може да основа посебни организации за продажба, како воени установи.

Прописи за продажба или за отуѓување на друг начин на подвижни предмети на ЈНА донесува сојузниот секретар.

Член 56

Материјални средства можат да се даваат без надомест за потребите на територијалната одбрана или за други потреби на општонародната одбрана, ако е тоа од посебен интерес за Југословенската народна армија и за општонародната одбрана.

Материјални средства можат, по исклучок, да се даваат со надомест или без надомест и во други случаи, ако е тоа од посебен интерес за општонародната одбрана и безбедноста на земјата.

Постоењето на интерес во случајот од став 1 на овој челн го утврдува сојузниот секретар, а во случајот од став 2 на овој член – Сојузниот извршен совет.

Член 57

Материјални средства што се наменети за запознавање и за популаризација на Југословенската народна армија во земјата и странство можат да им се даваат, без надомест, на општествено-политичките заедници, на организациите на здружен труд, на самоуправните интересни заедници и на други самоуправни организации и заедници, на општествено-политичките организации и на други општествени организации, на граѓанските правни лица, на граѓаните и на нивните здруженија.

Прописи за условите и за начинот на давање материјални средства, во смисла на став 1 од овој член, донесува сојузниот секретар.

Член 58

Подвижни предмети на ЈНА можат да им се даваат на привремено користење на општествено-политичките заедници, на организациите на здружен труд, на самоуправните интересни заедници и на други самоуправни организации и заедници, на општествено-политичките организации и на други општествени организации.

Член 59

Со пропис на сојузниот секретар може на определени материјални средства, зависно од нивната намена и карактер, да им се определи рокот за употреба и чување.

Глава VI

## УПОТРЕБА И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА НА ЈНА

### 1. Заеднички одредби

Член 60

За законита, наменска и економична употреба и располагање со средствата на ЈНА се одговорни, како наредбодавци, сојузниот секретар и старешините на воените единици и на воените установи.

Сојузниот секретар е наредбодавец за сите средства на ЈНА.

Старешините на воените единици и на воените установи се наредбодавци за средствата на ЈНА што на воените единици и на воените установи им се ставени на употреба и располагање, како на овластени материјално-финансиски органи.

Правата и должностите на наредбодавците од ст. 2 и 3 на овој член можат, како помошни наредбодавци, да ги вршат и други воени старешини што ќе ги овласти сојузниот секретар.

Сојузниот секретар може да го овласти директорот на Сојузната дирекција за промет и резерви на производи со посебна намена во работите што таа дирекција ги врши за потребите на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, да има права и должности на наредбодавец.

Со пропис на Сојузниот секретар се утврдуваат материјално-финансиските органи во Југословенската народна армија и се определуваат правата и должностите на наредбодавците.

Член 61

За законита употреба и располагање со средствата на ЈНА, покрај наредбодавците, се одговорни и сметкополагачите.

Кои лица во Југословенската народна армија се сметаат како сметкополагачи и кои се нивните права и должности пропишува сојузниот секретар.

Член 62

Амортизација на предметите што претставуваат средства на ЈНА не се врши.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, сојузниот секретар може да пропише да се врши амортизација на определени предмети што Југословенската народна армија ги користи во мир и начин на пресметувањето на амортизацијата на таквите предмети.

Член 63

Средства на ЈНА се расходуваат и нивната парична вредност се отпишува:

1) ако во технички поглед се застарени за потребите на Југословенската народна армија;

2) ако со економична поправка не можат да се оспособат за натамошна употреба;

3) кога ќе им истекне рокот за употреба и ако со стручна анализа се утврди нивна неисправност;

4) ако при чувањето, манипулирањето и транспортот дојде до загуба во вид на кало, растур, исчезнување, крш и др. – во границите на пропишаните стапки;

5) ако се уништени поради елементарни непогоди, епидемии, спречување на ширење заразни болести и други вонредни околности, без вина на одговорниот сметкополагач, наредбодавец или некое друго лице;

6) ако се употребат за вршење на опити, анализи и истражувања;

7) ако лицето што е одговорно за штетата не може да се утврди или ако лицето што ја сторило штетата, согласно со прописите за материјалната одговорност на воените лица и на граѓанските лица на служба во Југословенската народна армија, не е должно да ја надомести штетата;

8) ако со закон овластениот застапник, користејќи го своето законско овластување, во застапувањето се откаже од побарувањето или од друго барање пред спорот, во спорот или во постапката на извршувањето;

9) во други случаи во кои интересите на Југословенската народна армија го налагаат тоа, а под услови што ќе ги пропише сојузниот секретар.

Член 64

Воените старешини што ќе ги овласти сојузниот секретар можат, во исклучително оправдани случаи, одделни неправилно извршени исплати да ги огласат за ликвидни и да се откажат од наплата на договорените казни и на други побарувања, под услови, на начин и до износи што ќе ги пропише сојузниот секретар.

Член 65

Употребата и располагањето со средствата на ЈНА се врши врз основа на наредба или друг акт (во натамошниот текст: наредба) од наредбодавецот.

Член 66

Сметкополагачот е должен да ги изврши само наредбите за употреба и располагање со средствата на ЈНА што се засноваат врз закон и прописи донесени врз основа на закон.

Ако смета дека за извршување на наредба за употреба и располагање со средствата на ЈНА не е исполнет условот од став 1 на овој член, сметкополагачот е должен на тоа писмено да го предупреди наредбодавецот.

Наредбодавецот може да реши издадената наредба за употреба и располагање со средствата на ЈНА да се изврши и покрај предупредувањето. Во тој случај е должен наредбата за употреба и располагање со средствата на ЈНА да ја повтори во писмена форма.

Сметкополагачот е должен да ја изврши повторената наредба и нема да одговара за нејзиното извршување.

Наредбодавецот што ја повторил наредбата е должен, по извршената наредба, да го извести за тоа старешината што ќе го определи сојузниот секретар.

Ако старешината од став 5 на овој член утврди дека наредбата била незаконита, ќе поведе постапка за надомест на штетата според одредбите на сојузниот закон со кој се уредува службата во вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и прописите донесени врз основа на тој закон.

Член 67

Набавки и отстапувања на извршување на работи и услуги Сојузниот секретаријат за народна одбрана и воените единици и воените установи вршат со јавно наддавање или со непосредна спогодба.

Сојузниот секретар пропишува во кои случаи набавките и отстапувањето на извршувањето на работи и услуги од став 1 на овој член се вршат со јавно наддавање и условите за спроведување на јавното наддавање.

Член 68

Ако со општи прописи е предвидено обезбедување на плаќањето на набавките, работите и услугите, Сојузниот секретаријат за народна одбрана и воените единици и воените установи обезбедуваат плаќање според тие прописи.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, плаќањето нема да се обезбедува за изградба на инвестициони објекти и набавка, односно за изработка на инвестициона опрема, што служат за потребите на Југословенската народна армија.

Сојузниот секретар ги определува објектите и опремата од став 2 на овој член.

Член 69

Ако со општи прописи е предвидено да се приложуваат докази за обезбедување средства за плаќање на изградбата на инвестициони објекти од средствата на ЈНА, како доказ дека средствата за плаќање се обезбедени во финансискиот.план на ЈНА служи потврда на сојузниот секретар или на лицето што тој ќе го овласти.

Член 70

Воените единици и воените установи можат за вршење на тековните исплати да држат готови пари до височина на благајничкиот максимум определен со пропис на сојузниот секретар.

Член 71

Воените единици и воените установи можат да даваат аконтации на име патни и други трошоци, под условите определени во прописите со кои се уредува надоместот на таквите трошоци.

Член 72

Воените единици и воените установи можат, по исклучок, да им вршат со надомест работи и услуги на државните органи, на организациите на здружен труд, на самоуправните интересни заедници и на други самоуправни организации и заедници, на општествено-политичките организации и на други општествени организации, на граѓаните и на здруженијата на граѓани.

За извршените работи и услуги во случаи на елементарни непогоди, опасности за животот и здравјето на граѓаните или за безбедноста на општествениот имот и имотот на граѓаните, како и во други случаи во кои за отстранување на опасноста или ненадоместлива штета е потребна помош на Југословенската народна армија, воените единици и воените установи имаат само право на надомест на стварните трошоци.

За вршење на работите и услугите воените единици и воените установи не се запишуваат во судскиот регистар, ниту се регистрираат на кој и да е друг начин, но за тие работи и услуги водат книговодство според прописите што ги донесува сојузниот секретар.

Сојузниот секретар ги пропишува случаите во кои воените единици и воените установи ги наплатуваат трошоците за давање услуги од став 2 на овој член и што се смета како стварни трошоци во смисла на тој став.

**2. Посебни одредби за определени воени установи**

Член 73

Општите услови на работењето, начинот на утврдувањето и распоредувањето на вкупниот приход и на доходот и начинот на распределбата на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка во воените установи од член 7 на овој закон ги пропишува сојузниот секретар.

Член 74

Ако воената установа од член 7 на овој закон работела со загуба и ако настанатата загуба не може да се покрие со средствата на таа установа или со средствата што со прописот од член 74 на овој закон можат да се формираат како заедничка резерва за покритие на загубите на тие воени установи, загубата што настанала со извршувањето на работите или услугите за потребите на воените единици и на воените установи, односно на Сојузниот секретаријат за народна одбрана, може да се покрие и од средствата на финансискиот план на ЈНА, на начинот и под условите што ќе ги пропише сојузниот секретар.

**3. Посебни одредби за средствата и материјално-финансиското работење на Сојузната дирекција за промет и резерви на производи со посебна намена**

Член 75

Сојузната дирекција за промет и резерви на производи со посебна намена (во натамошниот текст: Дирекцијата) врши работи на промет на средства на вооружување и воена опрема и на други производи и услуги со посебна намена и работи на создавање резерви на средства за потребите на тој промет, во согласност со одредбите од овој закон.

Дирекцијата управува и располага со средствата според прописите со кои се уредуваат управувањето и располагањето со средствата на ЈНА, ако со овој закон или со прописите донесени врз основа на овој закон не е определено поинаку.

За законитата, наменската и економичната употреба и располагањето со средствата на Дирекцијата е одговорен како наредбодавец, директорот на Дирекцијата.

Одделни права и должности на наредбодавецот од став 3 на овој член можат, како помошни наредбодавци, да вршат и други работници во Дирекцијата што ќе ги овласти директорот на Дирекцијата.

Член 76

Заради извршување на своите задачи дирекцијата користи средства што се формираат од:

1) средствата што Дирекцијата ги остварува со работење во надворешнотрговскиот промет;

2) средствата определени со финансискиот план на Сојузниот секретаријат за народна одбрана;

3) средствата што организациите на здружен труд – производителите на средства на вооружување и воена опрема и други производи и услуги со посебна намена и други организации на здружен труд ќе ги здружат со Дирекцијата, заради унапредување на надворешнотрговскиот промет и создавање резерви;

4) средствата обезбедени преку кредити;

5) средствата на амортизација;

6) средствата остварени по друга основа.

Член 77

Средствата на Дирекцијата се утврдуваат со финансиски план на Дирекцијата за секоја година и се распоредуваат за:

1) покривање на материјалните трошоци и амортизацијата;

2) покривање на законските и договорните обврски;

3) личните доходи и заедничката потрошувачка на работната заедница;

4) проширување на материјалната основа на трудот;

5) резервниот фонд;

6) формирање на резерви на средства на вооружување и воена опрема за потребите на извозот и за чување на тие резерви;

7) финансирање на работите на прометот, развојот и производството на средствата на вооружување и воена опрема и на други производи и услуги со посебна намена кои настануваат од здружувањето на средствата со средствата на други организации и органи;

8) обезбедување средства за кредитирање на извозот на средства на вооружување и воена опрема и на други производи и услуги со посебна намена, според општествениот договор, самоуправните спогодби и договори.

Конечните резултати од работењето на Дирекцијата во изминатата година се утврдуваат и распоредуваат со завршната сметка на Дирекцијата.

Завршната сметка на Дирекцијата се донесува до крајот на февруари наредната година за изминатата година.

Финансискиот план и завршната сметка на Дирекцијата ги донесува директорот на Дирекцијата, со согласност на сојузниот секретар.

Член 78

Дирекцијата води книговодство согласно со прописите за книговодството во Југословенската народна армија, со примена на посебен контен план и на други прописи што ги донесува сојуниот секретар.

Во книговодството, финансискиот план и завршната сметка Дирекцијата е должна да обезбеди податоци врз основа на кои се обезбедува увид во резултатите од работењето што Дирекцијата ги остварува со вршење задачи од свое име, а за сметка на организациите на здружен труд и на други учесници во прометот.

Член 79

Во остварувањето на своите задачи Дирекцијата може во своето работење да истапува од свое име и за своја сметка, од свое име и за туѓа сметка и од туѓо име и за туѓа сметка.

Во рамките на своето работење Дирекцијата може да врши и работи на застапување на странски фирми.

Член 80

Средствата што Дирекцијата ќе ги оствари со своето работење се водат на нејзината жиро-сметка односно на девизна сметка.

Средствата што Дирекцијата ќе ги оствари со вршење работи на надворешнотрговски промет на средства на вооружување и воена опрема и на други производи и услуги со посебна намена од свое име, а за сметка на организациите на здружен труд што произведуваат односно учествуваат во производството на средства на вооружување и воена опрема и на Сојузниот секретаријат за народна одбрана, по одбивање на трошоците на работењето и на други издатоци на Дирекцијата, им припаѓаат на тие организации и на Сојузниот секретаријат за народна одбрана согласно со самоуправните спогодби односно договори.

Член 81

Дирекцијата има резервен фонд.

Средствата на резервниот фонд на Дирекцијата се формираат со издвојување на определен процент од годишниот износ на паричните средства предвидени со финансискиот план за работење на Дирекцијата за односната година.

Процентот од став 1 на овој член се утврдува секоја година во финансискиот план на Дирекцијата.

Кога средствата на резервниот фонд ќе бидат остварени во височината од 5% од просечниот износ на средствата од став 2 на овој член во последните три години - престанува обврската за издвојување во резервниот фонд.

Член 82

Средствата на резервниот фонд на Дирекцијата се користат за покритие на загубите настанати во работењето на Дирекцијата, како и за финансирање на образованието и користење на резервите на производи со посебна намена за кои во финансискиот план на Дирекцијата не се предвидени средства или не се предвидени во доволен износ.

Дирекцијата може средствата на резервниот фонд да ги користи како обртни средства.

Член 83

Дирекцијата врши пресметка на амортизацијата на основните средства.

Височината и начинот на пресметување на амортизацијата ги пропишува сојузниот секретар.

Член 84

Работната заедница на Дирекцијата од средствата на Дирекцијата го стекнува и распоредува доходот според одредбите на законите и прописите со кои се уредува стекнувањето и распоредувањето на доходот на работните заедници на сојузните органи на управата и на сојузните организации, ако со овој закон не е определено поинаку.

Член 85

Општиот акт за внатрешната организација и работата и општиот акт за систематизацијата на задачите и работите во Дирекцијата го донесува директорот на Дирекцијата, со согласност на сојузниот секретар.

Општите акти на Дирекцијата со кои се уредуваат надоместот на патните и на другите трошоци во земјата и во странство и трошоците на репрезентацијата - ги донесува директорот на Дирекцијата, со согласност на сојузниот секретар.

Член 86

Во поглед на контролата и надзорот над чувањето и располагањето на средствата на Дирекцијата и во поглед на должноста и одговорноста на наредбодавецот и сметкополагачот се применуваат одредбите на овој закон за контролата и надзорот над чувањето, употребата и располагањето со средствата на ЈНА и за употребата и располагањето со средствата на ЈНА.

Член 87

Прописите за работењето на Дирекцијата, употребата и користењето на средствата, водењето на книговодството и начинот на составување финансиски план и завршна сметка на Дирекцијата - ги донесува сојузниот секретар.

## Глава VII

## ОБВРСКИ СПРЕМА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ, САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ

### Член 88

На паричните средства на ЈНА што се вложуваат во недвижности на ЈНА, во посебни капацитети за производство на вооружување и воена опрема или во други капацитети од посебно значење за народната одбрана, во набавка или изработка на инвестициона опрема за објекти што ги користи Југословенската народна армија, или во опремување на воени единици и воени установи, даноци и други давачки можат да се воведуваат само со сојузен закон.

Сојузниот секретар, во спогодба со функционерот што раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на финансиите, ги утврдува капацитетите и инвестиционата опрема од став 1 на овој член.

Како даноци и други давачки, во смисла на овој член, се подразбираат даноците, цариниите, таксите и другите давачки што се предвидени со сојузни, републички, односно покраински или со општински прописи.

Југословенската народна армија не е должна на паричните средства на ЈНА што ги вложува во намените од став 1 на овој член да издвојува средства за задолжителни заеми ниту да плаќа придонеси утврдени со прописите на општествено - политичките заедници освен придонесите што се плаќаат согласно со одредбите на член 90 од овој закон како надомест за услугите извршени врз основа на договор, односно самоуправна спогодба, доколку такви обврски не се утврдени со сојузен закон.

### Член 89

Југословенската народна армија не е должна да плаќа придонеси за користење на градско земјиште утврдени со прописите на општествено-политичките заедници за користење на градско земјиште за воени цели, за објектите и просториите за обука, сместување и работа на воените единици и воените установи и за сместување и чување на средства на ЈНА.

По исклучок од одредбата на став 1 на овој член, кога земјиште, објекти и простории со кои управува Југословенската народна армија се даваат на бесплатно користење, под закуп или послужување на организациите на здружен труд, самоуправните организации и заедници, општествено-политичките организаци, или на други општествени организации, на граѓански правни лица, на граѓани и на нивни здруженија, придонесот за користење на градско земјиште се плаќа согласно со прописите на општествено-политичките заедници.

### Член 90

На земјишта и водостопански објекти, постројки и уреди, кои претставуваат средства на ЈНА а се наменети за потребите на општонародната одбрана и за користење на вода за редовна дејност на воените единици и воените установи, Југословенската народна армија не е должна да плаќа воден придонес утврден со прописите на општествено-политичките заедници не може да се воведува воден придонес.

Воените единици и воените установи на водостопанските и на други организации и заедници што им вршат услуги им плаќаат - надомест кој содржи и средства за инвестиции во дејноста што тие организации и заедници ја вршат.

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, воените единици и воените установи на водостопанските и на други организации и заедници што им вршат услуги не им го плаќаат оној дел од надоместот што е наменет за инвестиции, ако во таа дејност средствата за инвестиции се обезбедуваат од средствата на ЈНА.

Ако средствата за инвестиции во дејноста во која водостопанските и други организации и заедници вршат услуги на воени единици и воени установи само делумно се обезбедуваат од средствата на ЈНА, воените единици и воените установи плаќаат дел од надоместот наменет за инвестиции во таа дејност, намален сразмерно за учеството на средствата на ЈНА во тие инвестиции, што се утврдува со договорот склучен меѓу воената единица или воената установа и водостопанските или други организации и заедници - вршители на услуги.

### Член 91

Ако со општите прописи е предвидено плаќање на комунални такси, воените единици и воените установи не плаќаат комунални такси на предмети и услуги што ги користат во врска со својата редовна дејност.

### Член 92

За услугите што сами ги вршат, воените единици и воените установи не се должни да им плаќаат надомест на комуналните организации кои тие услуги им ги вршат на други корисници.

Сојузниот секретар пропишува кои комунални услуги воените единици и воените установи сами ги вршат.

### Член 93

Воените единици и воените установи се ослободени од обврските спрема општествено-политичките заедници за работите што ги изведуваат во сопствена режија и за изработка на производи за намирување на потребите на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

На услугите што ги вршат и на производите што им ги продаваат на корисниците надвор од вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, воените единици и воените установи плаќаат само данок на промет, ако според општите прописи на такви услуги, односно производи се плаќа данок на промет.

За услугите и другите дејности што им ги вршат на корисници надвор од вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, воените установи од член 7 на овој закон плаќаат обврски спрема општествено-политичките заедници според општите прописи.

По исклучок од одредбите на ст. 2 и 3 на овој член, воените единици и воените установи не плаќаат данок на промет и други обврски на општествено-политичките заедници ако услугите им ги вршат на корисници надвор од вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во случај на елементарни несреќи, опасности по животот и здравјето на граѓаните или по безбедноста на имотот на организациите на здружен труд, самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации и заедници, општествено-политичките организации и други општествени организации и граѓани, како и во други случаи во кои помошта на Југословенската народна армија заради отстранување на опасностите по имотот и животот и здравјето на луѓето е неопходна.

## Глава VIII

## КНИГОВОДСТВО И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СРЕДСТВАТА НА ЈНА

### Член 94

Сојузниот секретаријат за народна одбрана и воените единици и воените установи се должни да водат книговодство и евиденција за состојбата и промените на средствата на ЈНА што ги користат според одредбите на овој закон.

### Член 95

За недвижностите на ЈНА се води воен катастар.

Содржината и начинот на водењето на воениот катастар го пропишува сојузниот секретар.

Член 96

Службата на општественото книговодство води евиденција за извршувањето на финансискиот план на ЈНА во обемот и на начинот што ќе го утврди генералниот директор на Службата на општественото книговодство, во согласност со сојузниот секретар.

Глава IX

## КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ЧУВАЊЕТО, УПОТРЕБАТА И РАСПОЛАГАЊЕТО СО СРЕДСТВАТА НА ЈНА

Член 97

Чувањето, употребата и располагањето со средствата на ЈНА и материјалното и финансиското работење во Југословенската народна армија подлежи на контрола.

Член 98

Контролата над чувањето, употребата и располагањето со средствата на ЈНА и над материјалното и финансиското работење во Југословенската народна армија, се врши според одредбите на сојузниот закон со кој се уредува Службата на општественото книговодство, на овој закон и прописите донесени врз основа на тие закони.

Сојузниот секретаријат за народна одбрана и воените единици и воените установи, во смисла на општите прописи, ги доставуваат до Службата на општественото книговодство само оние податоци за средствата на ЈНА што ќе ги утврдат спогодбено сојузниот секретар и функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работите на финансиите.

Член 99

Надзорот и другите форми на внатрешна контрола над чувањето, употребата и располагањето со средствата на ЈНА и над материјалното и финансиското работење во воените единици и воените установи, ги организираат и спроведуваат старешините на воените единици и воените установи на кои тие средства им се дадени на користење и претпоставените воени старешини.

Член 100

Сојузниот секретаријат за народна одбрана врши контрола и надзор во поглед на применувањето на прописите за производството и прометот на стоки и услуги од страна на воените единици и воените установи, како и на организациите на здружен труд и на поединци што во воениот круг произведуваат и продаваат стоки и вршат услуги за потребите на припадниците на Југословенската народна армија.

Органите на Сојузниот секретаријат за народна одбрана вршат контрола и надзор над воените установи и угостителските организации на здружен труд што се занимаваат со давање угостителски услуги на припадниците на Југословенската народна армија, во воените единици и воените установи – во поглед на применувањето на прописите за давање угостителски услуги и здравствено-техничките услови за давање на тие услуги.

Со пропис на сојузниот секретар поблиску се определуваат правата и должностите на овластените инспектори од ст. 1 и 2 на овој член во вршењето на работите на инспекцијата, во согласност со општите прописи кои важат за соодветната инспекција.

Глава X

## ЗАВРШНА СМЕТКА

Член 101

За извршувањето на финансискиот план на ЈНА Сојузниот секретаријат за народна одбрана, по истекот на буџетската година, составува завршна сметка.

Со завршната сметка за извршувањето на финансискиот план на ЈНА се утврдуваат извршувањето на задачите и височината на одобрените и потрошените парични средства на ЈНА и се распоредуваат непотрошените парични средства на ЈНА.

Завршната сметка за извршувањето на финансискиот план на ЈНА ја донесува сојузниот секретар.

Член 102

Извршувањето на задачите, одобрените и потрошените парични средства на ЈНА во текот на буџетската година и распоредот на непотрошените парични средства на ЈНА, воените единици и воените установи го утврдуваат со завршната сметка за извршувањето на својот финансиски план.

Завршната сметка за извршувањето на финансискиот план на воените единици и воените установи ја донесува старешината на таа единица или установа, а го одобрува непосредно претпоставениот старешина.

Глава XI

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА И ПРЕНОС НА ПРАВАТА ВО ПОГЛЕД НА РАСПОЛАГАЊЕТО, КОРИСТЕЊЕТО И УПРАВУВАЊЕТО СО ПРЕДМЕТИТЕ И ПРАВАТА ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Член 103

За изградбата на воени објекти и за адаптација на постојните објекти во воените објекти за потребите на Југословенската народна армија, како и за изградба и адаптација на тие објекти во објекти од посебно значење за одбраната на земјата, може да се врши експропријација, под општите услови определени со закон.

Постоењето на општ интерес за изградба и адаптација на објектите од став 1 на овој член го утврдува сојузниот секретар.

Ако се утврди дека тоа е неопходно поради итноста на работите или за да се отстрани позначителна штета за средствата на ЈНА, сојузниот секретар може да реши недвижноста што се експроприра за изградба на објектите од став 1 на овој член да ја предаде во посед и пред правносилноста на актот за експропријација.

Член 104

За изградба на воени објекти за потребите на Југословенската народна армија и за објекти од посебно значење за одбраната на земјата може да се врши пренос на правата во поглед на располагањето, користењето и управувањето со предметите и правата во општествена сопственост на Југословенската народна армија, под општите услови определени со закон.

На преносот на правата од став 1 на овој член согласно се применуваат одредбите на член 103 ст. 2 и 3 од овој закон.

Глава XII

## ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОПИСИ

Член 105

Се овластува сојузниот секретар да донесе прописи: за издвојувањето на парични средства на ЈНА на посебни сметки и за начинот на нивното користење; за мерилата и начинот на користење на средствата за заеднички потреби; за стапките на растурот на материјални средства; за составувањето на финансискиот план на ЈНА и на финансиските планови на воените единици и воените установи; за условите и начинот на давање аванси; за користењето на средствата на ЈНА од страна на воените единици и вое-

ните установи; за набавките, работите и услугите; за формирањето на цените на производите и услугите во воените единици и воените установи; за начинот на исплата на личните доходи и на другите парични примања на воените лица и на граѓанските лица на служба во Југословенската народна армија; за номенклатурата на средствата на ЈНА; за книговодството и евиденцијата за средствата на ЈНА; за завршната сметка за извршувањето на финансискиот план на ЈНА и за завршните сметки на воените единици и воените установи; за надзорот и внатрешната контрола над чувањето, употребата и располагањето со средствата на ЈНА.

Глава XIII

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 106

Прописи, односно општи акти за спроведувањето на овој закон ќе се донесат односно ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од 6 месеци од денот на неговото влегување во сила

Член 107

Со денот на влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за средствата и за финансирањето на Југословенската народна армија („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/74 и 8/81).

Член 108

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**570.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ОБЕМ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1984 ГОДИНА

Се прогласува Законот за измени на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на буџетот на федерацијата за 1984 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 4 октомври 1984. година.

П бр. 378
4 октомври 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Алимпиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1984 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1984 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/83) во член 1 износот: „374.022,800.000" се заменува со износот: „386.722,800.000".

Член 2

Во член 2 износот: „243.437,000.000" се заменува со износот: „256.137,000.000".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**571.**

Врз основа на член 286 став 3 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со точка 6 став 2 на Одлуката за утврдување на приходите од царини и од други увозни давачки што во 1983 година и се отстапуваат на Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82), Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините, од 4 октомври 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ФОНДОТ НА ИНТЕРЕСНАТА ЗАЕДНИЦА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО ЗА 1983 ГОДИНА

Се потврдува Завршна сметка на Фондот на Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство за 1983 година, што ја донесе Собранието на Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство со својата одлука бр. СП 204/7.04 од 24 мај 1984 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 420
4 октомври 1984 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Алимпиќ**, с.р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Миливое Стиовиќ**, с.р.

---

**572.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во врска со член 26 од Законот за финансирање на федерацијата и со член 83 ст. 1 и 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините одржана на 4 октомври 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ЦАРИНИ И ДРУГИ УВОЗНИ ДАВАЧКИ ШТО ВО 1984 ГОДИНА И СЕ ОТСТАПУВААТ НА ИНТЕРЕСНАТА ЗАЕДНИЦА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

1. Во Одлуката за утврдување на приходите од царини и други увозни давачки што во 1984 година и се отстапуваат на Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/83) во точка 1 зборовите: „на Заедницата на Југославија во 1984 година и се стапуваат 59,70% од остварените приходи од царини и други увозни давачки" се заменуваат

со зборовите: „на Заедницата на Југославија во 1984 година и се отстапуваат 56,30% од приходите од царини и други увозни давачки остварени во таа година".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 437
4 октомври 1984 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Алимпиќ**, с.р

Претседател
на Соборот на републиките и
покраините
**Миливое Стиовиќ**, с.р.

## 573.

Врз основа на член 281 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 286 став 3 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 4 октомври 1984 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ДА БИДЕ УЧЕСНИК ВО СКЛУЧУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ФУНКЦИИТЕ НА НИГРО „БОРБА" И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ВЕСНИКОТ „БОРБА"

1. Се усвојува Иницијативата Собранието на СФРЈ да биде учесник во склучувањето на Општествениот договор за функциите на НИГРО „Борба" и за обезбедувањето средства за остварување на задачите на весникот „Борба".

2. Се задолжува Одборот за финансии на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ да учествуваат во постапката за подготовка на овој општествен договор и, по постигнатата согласност со другите учесници, да го предложи текстот на предлогот на овој општествен договор.

**Собрание на СФРЈ**

Бр. 06.3-131/84-048
4 октомври 1984 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Алимпиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и
покраините
**Миливое Стиовиќ**, с. р.

## 574.

Врз основа на член 105а став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80, 38/80 и 21/84), во соработка со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ПЧЕНИЧНО БРАШНО И ГРИЗ

1. Во Одлуката за определување на највисоките продажни цени за пченично брашно и гриз („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/84), во точка 3 став 2 одредбите под 1 до 5 се менуваат и гласат:

| | Динари |
|---|---|
| 1) пакување од 1 kg | 4,35 |
| 2) пакување од 2 kg | 6,80 |
| 3) пакување од 3 kg | 9,45 |
| 4) пакување од 5 kg | 12,48 |
| 5) пакување од 10 kg | 15,51 |

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п. бр. 402
27 септември 1984 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Борисав Сребриќ** с. р.

## 575.

Врз основа на член 277 став 2 од Законот за облигационите односи („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/78), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА СТАПКАТА НА ЗАТЕЗНАТА КАМАТА

1. Во Одлуката за височината на стапката на затезната камата („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/82 и 40/83), во точка 1 зборовите: „од 35%" се заменуваат со зборовите: „од 62%".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 400
20 септември 1984 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Борисав Сребриќ**, с. р.

## 576.

Врз основа на член 3 став 2, член 8 став 1 и член 13 од Законот за вршење на менувачки работи и за прометот на ефективни странски пари во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/82 и 40/84), Советот на гувернерите донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕТО НА МЕНУВАЧКИ РАБОТИ

1. Во Одлуката за условите и начинот на вршењето на менувачки работи („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/82 и 17/83) во точка 3 став 1 по зборот: „неискористените" се додаваат зборовите: „бензински бонови и".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 55
17 септември 1984 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Радован Макиќ**, с. р.

577.

Врз основа на член 12 ст. 2 и 3 од Законот за вршење на менувачки работи и за прометот на ефективни странски пари во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/82 и 40/84), Советот на гувернерите донесува

# ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ НАПЛАТУВАЊЕТО ВО ЈУГОСЛАВИЈА СЕ ВРШИ ВО ЕФЕКТИВНИ СТРАНСКИ ПАРИ, СТРАНСКИ ЧЕКОВИ И КРЕДИТНИ ПИСМА

1. Во Одлуката за условите под кои наплатувањето во Југославија се врши во ефективни странски пари, странски чекови и кредитни писма („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/82, 77/82 и 4/83) во точка 1 по зборовите: „консигнациони складишта" се додаваат зборовите: „и наплата во странски пресметковни (барирани) чекови и во чекови што гласат на динари".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 56
17 септември 1984 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Радован Макиќ**, с. р.

578.

Врз основа на член 80 ст. 1 и 2 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/78 - Пречистен текст), Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, на седницата одржана на 1 октомври 1984 година, откако утврди дека на еден делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ од СР Србија му престанал мандатот на 26 септември 1984 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗБОР ЗА ЕДЕН ДЕЛЕГАТ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

1. Се распишува дополнителен избор за еден делегат во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Србија;

2. Дополнителниот избор ќе се одржи во сите собранија на општините во Социјалистичка Република Србија од 6 до 26 ноември 1984 година;

3. Денот на одржувањето на седницата на собранието на општината на која ќе се изврши дополнителен избор за еден делегат во Сојузниот собор го определува претседателот на собранието на општината;

4. Роковите за вршење на изборните работи почнуваат да течат од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен лист на СФРЈ";

5. За спроведувањето на Одлуката ќе се грижат: оваа комисија, Републичката изборна комисија и општинските изборни комисии од територијата на Социјалистичка Република Србија.

Бр. 128
1 октомври 1984 година
Белград

**Комисија за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ**

Секретар, Претседател,
**Мирко Михајловиќ**, с. р. **Таип Таипи**, с. р.

579.

Врз основа на член 54 став 4 од Законот за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/78 - Пречистен текст), Комисијата за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ објавува

# ЛИСТА
## НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗБОР НА ЕДЕН ДЕЛЕГАТ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ОД СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Ибрахим Хаџиќ, машко, роден 1930 година во Шеварлие - Добој, член на Претседателството на Републичката конференција на ССРН на Босна и Херцеговина, Муслиман, член на делегацијата на Републичката конференција на ССРН на Босна и Херцеговина, предложен во 48 делегации, магистер по политички науки.

Кандидационата конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Босна и Херцеговина, на 27 септември 1984 година, ја утврди листата на кандидатите во смисла на член 45 и член 79 став 2 од Законот.

Листата на кандидатите ја потврди Републичката изборна комисија на СР Босна и Херцеговина.

Бр. 129
1 октомври 1984 година
Белград

**Комисија за избор и отповик на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ**

Секретар, Претседател,
**Мирко Михајловиќ**, с. р. **Таип Таипи**, с. р.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Одлуката за височината и начинот на плаќање надомест за покривање на трошоците за испитување на типот на мерило и за преглед на еталони, мостри на референтни материјали и мерила објавена во „Службен лист на СФРЈ" бр. 44/84 се поткрале долунаведените грешки, та се дава

# ИСПРАВКА
## НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ТИПОТ НА МЕРИЛО И ЗА ПРЕГЛЕД НА ЕТАЛОНИ, МОСТРИ НА РЕФЕРЕНТНИ МАТЕРИЈАЛИ И МЕРИЛА

Во Тарифата на надоместите за преглед на мерила, која е отпечатена кон Одлуката и претставува нејзин составен дел, во тар. бр. 1 точка 1, наместо зборовите: „со класа на точност II и III" треба да стојат зборовите: „со класа на точност II и III".

Од Сојузниот завод за мери и скапоцени метали, Белград, 13 септември 1984 година.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ОДРЕДБАТА ОД ЧЛЕН 280 НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ, НА ОДДЕЛНИ ОДРЕДБИ НА УПАТСТВАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА И ПРАЗНЕЊЕ НА ПРИХОДИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НИВНИТЕ ФОНДОВИ, НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ДРУГИ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА ЗА 1980, 1981, 1982 И 1983 ГОДИНА И НА УПАТСТВОТО НА УПРАВАТА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРИХОДИ НА СР СРБИЈА

1. На иницијатива на Слободан Секулиќ, буџетски инспектор во Сојузниот секретаријат за финансии, Уставниот суд на Југославија поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од член 280 на Законот за даноците на граѓаните („Службени гласник СР Србије", бр. 51/71), на Упатството на Управата на општествените приходи на СР Србија бр. 10-413-728 од 30 март 1976 година и на одделни одредби на упатствата на Службата на општественото книговодство во СР Србија за распределба и празнење на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и други самоуправни организации и заедници во Социјалистичка Република Србија за 1980, 1981, 1982 и 1983 година, оценувајќи дека основано може да се постави прашање за согласноста на наведените прописи со одредбата на член 281 точка 5 од Уставот на СФРЈ и на нивната спротивност со одредбите на чл. 3 и 33 од Законот за финансирањето на федерацијата.

Собранието на СР Србија, во текот на постапката пред овој суд го донесе и го објави Законот за дополнение на Законот за даноците на граѓаните („Службени гласник СР Србије", бр. 5/84), кој влезе во сила на 19 февруари 1984 година. Со новата одредба на оспорениот закон е уредено средствата за финансирање на општинската служба на општествените приходи да не се издвојуваат од бруто наплатените приходи на федерацијата.

Службата на општественото книговодство во СР Србија, во ставот изнесен на јавната расправа пред овој суд, смета дека била должна со своите интерни прописи да ја уреди постапката за спроведување на одредбата од член 280 став 1 на оспорениот закон и во однос на средствата на буџетот на федерацијата, додека Службата на општественото книговодство на Југославија стои на становиште дека нема право да интервенира кај републичките служби кога е во прашање примена на републичките закони и други прописи, како што, во овој случај станува збор за примена на Законот за даноците на граѓаните.

Сојузниот секретаријат за финансии, во писмениот поднесок и на јавната расправа, во сè го поддржа становиштето на Уставниот суд на Југославија, изнесено во решението за поведување постапка.

2. Со одредбата на член 280 став 1 од Законот за даноците на граѓаните е определено, за финансирањето на општинската служба на општествените приходи да се издвојуваат средства по единствениот процент од бруто наплатените приходи на општествено-политичките заедници, интересните заедници и други корисници за чија сметка службата врши разрез и наплата, или само наплата на приходите. Со оспореното упатство на Републичката управа на општествените приходи е определено дека од разрежаниот и наплатениот основен данок на промет на автомобили 10% ќе им припаѓа на општинските служби на општествените приходи, по основ на наведената законска одредба, додека со оспорените упатства, со кои Централата на Службата на општественото книговодство во СР Србија секоја година уредува единствен начин за работењето на своите подрачни служби на територијата на Републиката, е определена постапката за насочување на средствата од основниот данок на промет на текуштата сметка на буџетот на федерацијата и на текуштата сметка на средствата за финансирање на службата на општествените приходи во општината.

3. Уредувањето на односите во областа на остварувањето на приходите на федерацијата, според одредбата на член 281 точка 5 од Уставот на СФРЈ, е во надлежност на органите во федерацијата. Согласно со тоа, со Законот за финансирањето на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77) е предвидено средствата што ѝ припаѓаат на федерацијата и на службата за финансирање на функциите на федерацијата, како и нивното распоредување за финансирање на тие функции, да се утврдуваат и да се искажуваат во буџетот на федерацијата. Данокот на промет на моторните возила, по основ на Тарифниот бр. 6 од Тарифата на основниот данок на промет, е утврден како основен данок на промет, кој, согласно со член 33 од Законот за финансирањето на федерацијата, во износ од 50% од наплатениот приход, ѝ припаѓа на федерацијата.

Според вака утврдениот уставен и законски режим на средствата на федерацијата, според оцена на Уставниот суд на Југославија, располагањето со овие средства не може да се врши надвор од органите во федерацијата. Затоа оспорената одредба на Законот за даноците на граѓаните, како републички закон, во делот во кој предвидувала и од бруто наплатените приходи на општествено-политичките заедници, вклучувајќи ги и приходите на федерацијата, да се издвојува определен процент за финансирање на работата на службите на општествените приходи, не била согласна со Уставот на СФРЈ и е спротивна на сојузниот закон. Со наведеното дополнение на член 280 на Законот за даноците на граѓаните, оспорената одредба е доведена во согласност со Уставот на СФРЈ и со Законот за финансирањето на федерацијата.

Републичката управа на општествените приходи и Службата на општественото книговодство во СР Србија, како органи што ги спроведуваат републичките прописи, не биле овластени да донесуваат прописи за располагањето со средствата на федерацијата, поради што оспорените упатства се несогласни со Уставот на СФРЈ и спротивни со сојузниот закон, па врз основа на член 385, а во врска со член 207 од Уставот на СФРЈ, се поништуваат.

Уставниот суд на Југославија, по одржаната јавна расправа, на седницата за советување и гласање, одржана на 15 март 1984 година, врз основа на чл. 375 и 393 од Уставот на СФРЈ и член 34 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, со мнозинство на гласови донесе

Одлука

1. Се утврдува дека одредбите на член 280 од Законот за даноците на граѓаните, што се однесуваат на приходите на буџетот на федерацијата, не биле согласни со Уставот на СФРЈ и дека биле спротивни со Законот за финансирањето на федерацијата во времето на нивното важење.

2. Се поништуваат: Упатството на Републичката управа на приходите на СР Србија бр. 10-413-728 од 30 март 1976 година и одредбите за насочување на дел од средствата на основниот данок на промет на моторните возила на сметките на општинските служби на општествените приходи, содржани во упатствата на Службата на општественото книговодство во СР Србија за распределба и празнење на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и други самоуправни организации и заедници во Социјалистичка Република Србија за 1980, 1981, 1982 и 1983 година.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател на Судот Воислав Ракиќ и членови на Судот: д-р Јосиф Трајковиќ, Божидар Булатовиќ, Мустафа Сефо, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Душан Штрбац, Иван Франко, д-р Васил Гривчев, Јаким Спировски, Славко Кухар, Радко Мочивник, Милосав Стиовиќ и Рамадан Враниќи.

У. бр. 276/82
15 март 1984 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
**Воислав Ракиќ**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликува:

– за заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Шпанија

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Jesus Millaruelo Clementez, амбасадор на Шпанија во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Бр. 114
9 декември 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликува:

– за заслуги во развивањето и унапредувањето на деловно-техничката соработка помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Сојузна Република Германија

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА НА ЃЕРДАН

Karl Fischer, сосопственик на фирмата EGO Elektro-Geräte Blanc & Fischer од Обердердинген.

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА НА ЃЕРДАН

Heinz Trefinger, претседател на деловниот одбор на фирмата EGO од Обердердинген.

Бр. 115
9 декември 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од СР Македонија

– по повод шеесетгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

ЗИК „Скопско Поле" – Скопје, ООЗТ фабрика за масло „Благој Ѓорев" – Титов Велес.

Од САП Војводина

– по повод стодваесет и петгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во образованието и воспитувањето на младите генерации, како и за значаен придонес кон ширењето на просветата и културата во духот на прогресивните идеи

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Центар за образовање стручних радника у друштвеним делатностима „Душан Васиљев" – Кикинда.

Бр. 116
9 декември 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од СР Хрватска

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Будија-Доник Антона Розина, Грегуринчиќ Мије Златко, Огреста Пере Стјепо;

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бажон Леополда Казимир, Блажевиќ-Џовијал Бењамина Марија, Грегуринчиќ-Михалиќ Рудолфа Марија, Југовац Анѓела Феручо, Козлина Николе Бранко, Матковиќ-Крбавац Роберта Владимира, Струја Петра Ренато, Штиковиќ-Модрушан Ерминио Лучана;

– за заслуги во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Мрдежа-Уљанчиќ Ивана Цермана, Шкоро Јована Бранислав;

– за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Братовиќ Јоакима Лељан, Дамјаниќ Ќирила Албино, Добран-Јеловац Ивана Љерка, Ивиќ Мирка Дарко, Јурцан Петра Борис, Јурцан-Овчариќ Либерата Палмира, Керин Антона Стелио, Којиќ Ѓуре Вујадин, Лабињан Ѓулија Марио, Леговиќ Јоакима Витомир, Матиќ Марија Антео, Новаковиќ Луке Мирјана, Плованиќ Ивана Вјекослав, Ротар-Мрак Антона Бети, Сауко Јосипа Иван, Ставер-Пуниш Славимира Марија, Уљанчиќ-Сцхилд Едгарда Хеидемарие, Вуковиќ Ивана Јосип.

Бр. 117
14 декември 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликува:

– за заслуги во развивањето и зацврстувањето на соработката и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Сојузна Република Германија

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

dr Albrecht von der Heyden, помошник на началникот на регионалната Политичка управа во Министерството за надворешни работи на СР Германија.

Бр. 118
20 декември 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одлукува:

– за извонредни заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Франција

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ГОЛЕМА ЅВЕЗДА

Francois Mitterrand, претседател на Република Франција.

Бр. 119
15 декември 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

---

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од сојузните органи

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Остраќанин Ранка Миодраг, Родиќ Стјепана Анто;

– за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Мирковиќ-Вуковиќ Владимира Радмила;

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Станишиќ-Радовановиќ Драгољуба Гордана, Вуковиќ-Тодоровиќ Станка Десанка;

– за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Богдановиќ-Радивојевиќ Љубомира Љубосава, Илиќ Драгутина Дарко, Јокиќ Илије Душан, Поповиќ-Катаниќ Лазара Злата, Врцељ Стипанчев Тонија Ива.

– за заслуги во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Настиќ Војина Гојко.

Бр. 121
27 декември 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Мика Шпиљак,** с. р.

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

- за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Маленица Ивана Драго;

- за особени заслуги во изградбата и јакнењето на Вооружените сили и за особени успеси во раководењето со единиците на Вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во нивното зацврстување и оспособување за одбрана на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Куковец Франца Марко, потполковник;

- за примерни заслуги и умешност во работата на развивањето на постојаниот подем заради остварување на поставените задачи во единиците со кои раководат, како и за создавање на услови за постигнување на исклучително добри успеси во своите единици и установи

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Рис Милоша Богдан, заставник.

Бр. 122
22 декември 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Мика Шпиљак**, с. р.

---

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од сојузните органи и организации

- по повод на триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги во унапредувањето и за значаен придонес кон стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Југословенски савез за заваривање - Белград;

Од СР Србија

- по повод на шеесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

ЕИ РО Метална индустрија „Милан Благојевиќ" - Смедерево;

Од САП Косово

- за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Јусуфи Имера Енвер;

Од САП Војводина

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Станков Лазара Љубиша.

Бр. 123
29 декември 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Мика Шпиљак**, с. р.

---

## СОДРЖИНА:

Страна

569. Закон за средствата и за финансирањето на Југословенската народна армија — — — — — — 1219

570. Закон за измени на Законот за утврдување на обемот на расходите на Буџетот на федерацијата за 1984 година — — — — — — — — — — 1230

571. Одлука за потврдување на Завршната сметка на Фондот на Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство за 1984 година — — — — — — — — — — — — — — 1230

572. Одлука за измена на Одлуката за утврдување на приходите од царини и други увозни давачки што во 1984 година и се отстапуваат на Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство — — — — — — — — — — 1230

573. Одлука за усвојување на иницијативата Собранието на СФРЈ да биде учесник во склучувањето на Општествениот договор за функциите на НИГРО „Борба" и за обезбедувањето средства за остварување на задачите на весникот „Борба" — — — — — — — — — — — — — — — — — — — 1231

574. Одлука за измена на Одлуката за определување на највисоките продажни цени за пченично брашно и гриз — — — — — — — — — — — — — — 1231

575. Одлука за измена на Одлуката за височината на стапката на затезната камата — — — — — — — 1231

576. Одлука за дополнение на Одлуката за условите и начинот на вршењето на менувачки работи — 1231

577. Одлука за дополнение на Одлуката за условите под кои наплатувањето во Југославија се врши во ефективни странски пари, странски чекови и кредитни писма — — — — — — — — — — — — — — 1232

578. Одлука за распишување на дополнителен избор за еден делегат во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Србија — — — — — — — — — — — — — — — — 1232

Страна

579. Листа на кандидатите за дополнителен избор на еден делегат во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина — — — — — — — — — — — 1232

Исправка на Одлуката за височината и начинот на плаќање надомест за покривање на трошоците за испитување на типот на мерило и за преглед на еталони, мостри на референтни материјали и мерила — — — — — — — — — — — — — — — 1232

Одлука за оценување на уставноста и законитоста на одредбата од член 280 на Законот за даноците на граѓаните, на одделни одредби на упатствата за распределба и празнење на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и други самоуправни организации и заедници во Социјалистичка Република Србија за 1980, 1981, 1982 и 1983 година и на Упатството на Управата на општествените приходи на СР Србија — — — — — — — — — — — — — — — 1233

Одликувања 1234

**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадиќ. – Печати: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1.**